Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 февруари 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа на фотонапонските електроцентрали ФЕЦ “ТАБ МАК“ и ФЕЦ “СОНЕЛ“ издадена на Друштвото за производство на акумулатори ТАБ МАК ДООЕЛ Пробиштип со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/23).

2. Во Прилог 1 точка 4 зборовите „4 февруари 2024 година” се заменуваат со зборовите „5 март 2024 година”.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на акумулатори ТАБ МАК ДООЕЛ Пробиштип, со седиште на ул. “Македонски Револуционери“ бр.50 Пробиштип (во понатамошниот текст: Друштво), на 2 февруари 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа на фотонапонските електроцентрали ФЕЦ “ТАБ МАК“ и ФЕЦ “СОНЕЛ“ преку кои треба да ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-61/24 од 2 февруари 2024 година.

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за фотонапонските електроцентрали ФЕЦ “ТАБ МАК“ и ФЕЦ “СОНЕЛ“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/23).

Друштвото го достави Барањето согласно Прилог 1 точка 12, односно Образецот БЛ 12 од Правилникот за лиценци во оригинал.

Согласно член 25 став (2) од Правилникот за лиценци Регулаторната комисија за енергетика врз основа на доставените податоци од причините за продолжувањето на лиценцата за пробна работа го определува рокот за продолжување на лиценцата за пробна работа, Регулаторната

комисија за енергетика го определи датумот на продолжување на времетрањето лиценцата за пробна работа на 5 март 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр.02-185/1 од 5 февруари 2024 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 5 февруари 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на фотонапонските електроцентрали ФЕЦ "ТАБ МАК" и ФЕЦ "СОНЕЛ" на Друштвото за производство на акумулатори ТАБ МАК ДООЕЛ Пробиштип.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-61/24**
**5 февруари 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**